Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис: ____

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 10.3.2023
01 206/1

Бр. УП1 32-158/2023

Датум: 02.03 2023 год.

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

## *Р Е Ш Е Н И Е*

1. За проекти од национален интерес во културата за 2023 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа **НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ** за 2023 доставена до Министерството за култура под **бр.УП1 32-153 од 28.06.2022 година, Дополна бр.УП1 32-153 од 26.09.2022 година СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

**- од областа на заштита на аудиовизуелните добра за 2023 година:**

1.1. Истражување и прибирање на филмови и филмски материјали и друга кинотечна граѓа од поединци и институции од земјата и од филмски архиви и кинотеки од светот и обезбедување на права на македонски филмови износ на средства 600.000,00 денари
1.2.Чување, дигитализација, заштита, обработка и каталогизација на филмови,филмски и видео материјали, музејски експонати, пропоганден материјал и друга кинотечна граѓа износ на средства 2.900.000,00 денари
1.3. Заштита на АВ материјали со изработка на ДВД/БЛУРЕЈ изданија од македонските дигитализирани филмови износ на средства 300.000,00 денари
1.4. Годишна филмска програма на кинотечното кино и популаризација и презентација на македонската филмска продукција износ на средства 2.000.000,00 денари
1.5. Специјализирана филмолошка библиотека износ на средства 100.000,00 денари

**- од областа на европските интеграции:**

1.1. Проект: " Учество на две обуки во организација на EUROPA CINEMAS за Развој на публика и иновации во кинoприкажување (Audience Development&Inovation Labs)" во 2023 година износ на средства 85.000,00 денари

**- од областа на меѓународна дејност**

1.1. Учество на Фестивалот на запаливи (нитратни) филмови во Белград, Србија износ на средства 25.000,00 денари

1.2. Учество и присутсво на реномираниот фестивал на неми филмови во Порденоне, Италија износ на средства 80.000,00 денари

1.3. Учество на фестивалот на новооткриени и реставрирани филмови со присутство на семинари и состаноци во Болоња, Италија износ на средства 88.500,00 денари

1.4. Ретроспектива на македонска кинематографија на фестивалот „Balkan Panorama" во Измир, Турција износ на средства 96.500,00 денари

1.5. Уплата на годишна членарина за Асоцијацијата на европски кинотеки (АЦЕ) за 2023 година износ на средства 45.000,00 денари

1.6. Уплата на годишна членарина за ФИАФ (Меѓународна федерација на филмски архиви ) за 2023 год. износ на средства 79.000,00 денари

**- од областа на литературата и издавачката дејност**

1.1. Документарниот филм како медиум во докажување на идентитетот, м-р Сунчица Веселиновска; износ на средства 180.000 денари

1.2. КИНОПИС (списание за историја, теорија и култура на филмот и другите уметности); износ на средства 200.000 денари.

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа **НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ** за 2023 доставена до Министерството за култура под **бр.УП1 32-153 од 28.06.2022 година, Дополна бр.УП1 32-153 од 26.09.2022 година** за 2023 година:

**- од областа на меѓународна дејност**

2.1. Учество и престој на претставник од НУ Кинотека на Северна Македонија на годишното Генерално собрание на АЦЕ во 2023 год. во Болоња, Италија

2.2. Учество и престој на претставник на Кинотеката на Република Северна Македонија на годишниoт Конгрес на ФИАФ (Меѓународната федерација на филмски архиви ) во 2023 год. во Мексико Сити, Мексико

**- од областа на литературата и издавачката дејност**

2.1 HITCHCOCK, Франсоа Трифо, превод Марија Јонес

2.2. Филмографија на Македонија 1902-1945, група автори

**- од областа на музичко - сценска дејност**

2.1.RE – IMAGINING MANAKI/ПРЕОБМИСЛУВАЊЕ НА МАНАКИ
2.2. МУЗИЧКИ ФИЛМСКИ ВЕЧЕРИ-Музиката во македоснкиот филм (работен наслов)

- од областа на **инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**:
2.1. Изработка на платформа за складирање во простор на депо
2.2. Изградба на фотонапонски панели за производство на електрична енергија
2.3. Промена на фасадна и внатрешна браварија со реконструкција на фасада
2.4. Обновување и осовременување на санитарни јазли на кат
2.5. Поправка и санација на состојбата со старите, постојаните ѕидови и објекти на комплексот „Конаците на Хавзи-паша“

**СЕ ОДБИВААТ.**

3. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2023 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 02.06.2022 година година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт годишна програма за 2023 година.

Националната установа **НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ**, со допис **бр.УП1 32-153 од 28.06.2022 година, Дополна бр.УП1 32-153 од 26.09.2022 година** до Министерството за култура достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2023 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за **заштита на културното наследство – заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра** до министерот за култура достави Извештај бр.32-662/11 од 08.02.2023 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **меѓународна дејност** до министерот за култура достави **Извештај бр. 33-1251/1 од 08.02.2023 година** со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ, предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **меѓународна дејност - европски интеграции** до министерот за култура достави **Извештај бр.33-1251/1 од 8.2.2023** со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ, предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **литература и издавачка дејност** до министерот за култура достави **Извештај бр. 24-1222/1 од 08.02.2023 година** со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ, предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2023 година.

Комисијата за **меѓународна дејност** до министерот за култура достави **Извештај бр. 33-1251/1 од 08.02.2023 година** со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ предложи проектите од точката 2 на ова решение:

2.1. Учество и престој на претставник од НУ Кинотека на Северна Македонија на годишното Генерално собрание на АЦЕ во 2023 год. во Болоња, Италија

2.2. Учество и престој на претставник на Кинотеката на Република Северна Македонија на годишниот Конгрес на ФИАФ (Меѓународната федерација на филмски архиви ) во 2023 год. во Мексико Сити, Мексико

да се **одбијат** од следниве причини:

2.1. Проектот се одбива бидејќи Генералното собрание на АЦЕ се одржува за време на Фестивалот на новооткриени и реставрирани филмови во Болоња за кои веќе се доделени средства

2.2. Проектот се одбива бидејќи во рамките на предложените проекти на институцијата во Годишната програма, даден е приоритет на проекти кои се реализираат секоја година во континуитет и проекти кои се во функција на промоција на македонската кинематографија на реномирани фестивали.

Комисијата за **музичко сценска дејност и фолклор** до министерот за култура достави Извештај бр.21-1180/2 од 8.2.2023 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа **НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ** предложи проектите од точката 2 на ова решение:

2.1.RE – IMAGINING MANAKI/ПРЕОБМИСЛУВАЊЕ НА МАНАКИ

2.2. МУЗИЧКИ ФИЛМСКИ ВЕЧЕРИ-Музиката во македонскиот филм (работен наслов)

да се **одбијат** од следниве причини:проектите немаат соодветна уметничка и естетска вредност и не претставуваат национален интерес на Република Северна Македонија.

Комисијата **за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата** до министерот за култура достави Извештај бр. 50-1218/1 од 08.02.2023 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Кинотека на Р.С. Македонија од Скопје** предложи проектите од точката 2 на ова решение:

2.1. Изработка на платформа за складирање во простор на депо

2.2. Изградба на фотонапонски панели за производство на електрична енергија

2.3. Промена на фасадна и внатрешна браварија со реконструкција на фасада

2.4. Обновување и современување на санитарни јазли на кат

2.5. Поправка и санација на состојбата со старите, постојаните ѕидови и објекти на комплексот „Конаците на Хавзи-паша"

да се **одбијат** од следниве причини: бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес, како и ограничените буџетски средства за оваа намена.

Комисијата за **литература и издавачка дејност** до министерот за култура достави **Извештај бр. 24-1222/1 од 08.02.2023 година** со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа **НУ КИНОТЕКА НА РСМ - СКОПЈЕ** предложи проектите од точката 2 на ова решение да се **одбијат** од следниве причини:

2.1 HITCHCOCK, Франсоа Трифо, превод Марија Јонес - Се одбива бидејќи од непотполната приложената документација, Комисијата не можеше да го утврди содржината на проектот.

2.2. Филмографија на Македонија 1902-1945, група автори - Се одбива бидејќи од непотполнета приложената документација, Комисијата не можеше да го утврди содржината на проектот.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

**М И Н И С Т Е Р,**
**Бисера Костадиновска – Стојчевска**

Доставено до:
-субјектот
- архивата на Министерството за култура

Подготви: Марина Тасева, Помлад соработник, Рејхан Абдулова, Соработник
Ивана Ристиќ – Петровски, Виш соработник, Давча Спасова, Советник
Провери: Елена Павлова, Раководител на одделение
Одобри: Диме Маџовски, Државен советник

Подготви: Рефет Амети, советник
Одобри: Јованка Ѓорѓеска-Кузманоска, пом. раководител на сектор
Согласен: Дафина Цепароска, раководител на сектор

Подготви: Љубица Стефановска, советник
Одобри: Гордана И. Велковска, раководител на сектор
Согласен: Ирина Димовска, државен советник

Подготви: Ирена Пејков, надворешен соработник
Одобри: Елена Николовска, Раководител на одделение
Одобри:Снежана И.Китанова, Пом.раководител на сектор

Подготвил: Агон Салахи, надворешен соработник
Проверил: Цветанка Јакимовска, виш соработник
Одобрил: Владимир Попоски, раководител на сектор

Подготви: Весна Ѓуровска, советник
Одобри: Беса Ода Муртеза, раководител на одделение
Согласен: Ирина Ставрева, помошник раководител на сектор